совет за етика во медиумите на македонија

03.09.2015г.

**О Д Л У К А**

**На Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), по жалбата на Филип Стојановски за текстот "ЕДИТОРИЈАЛ/ Парадокс: Само во Македонија со меѓународни финансии, го бранат режимот без пари", објавен на 12.07.2015 година на интернет порталот almakos.com**

**Ж А Л Б А Т А   Е   О С Н О В А Н А**

Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членот 1.

Член 1.

*"Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно."*

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mkinfo@semm.mk   0038923222595

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија на ден 15.07.2015 година, лицето Филип Стојановски поднесе жалба за текстот “ЕДИТОРИЈАЛ/ Парадокс: Само во Македонија со меѓународни финансии, го бранат режимот без пари”, објавен на 12.07.2015 година на интернет порталот almakos.com. Во жалбата се наведува дека со текстот “тенденциозно и преку ширење невистини се врши обид да се наруши угледот на Фондацијата „Метаморфозис“, како и личниот углед на нејзините вработени и хонорарните соработници кои работат на Сервисот за проверка на факти од медиумите.” Во продолжение на жалбата стои дека “пред објавувањето на овој текст не е побарано мислење од ниту еден претставник на Метаморфозис или кој било нејзин проект, односно не е дадена можност на втората страна да ги презентира точните податоци и информации.

Стојановски во жалбата вели дека „текстот изобилува со лесно проверливи, неточни, тврдења и етикети, понекогаш споени во едно, како обвинувањата за „профитерство“ преку баснословни хонорари. Притоа, Стојановски како таков пример го наведува тврдењето во текстот дека извршниот директор на Метаморфозис г. Бардил Јашари учествувал во затворањето на А1 ТВ и други медиуми додека бил член на комисијата на АЕК. Според образложеноето на жалителот, ова тврдење е „комплетно невистинито, што може да се види и од фактот дека неговото учество било од 26.04.2005 г. до 06.10.2010 г. за што постои и доказ во соодветните изданија на Службениот весник на Република Македонија бр. 27/2005 и 133/2010 кои самиот ги достави до СЕММ. Понатаму, тој додава дека процесот на затворање на А1 започнал во ноември 2011 година.

Стојановски вели дека како обид за клевета и нарушување на угледот го смета и тврдењето дека „Раководителите на овие проекти никогаш не го дигнале гласот против недостатокот на елементарните услови во Македонија за постоење на независно новинарство, а имале време да се занимаваат со (не)сериозноста на информациите кои што ги објавуваат независните

медиуми на албански јазик"". Во однос на ова Стојановски вели „и како организација Метаморфозис, а и лично г. Јашари, како директор, а и јас во својство на вработен и раководител на проектот, во многу прилики сме го дигале гласот против секоја форма на нарушување на слободата на говор и оневозможување на работата на независните медиуми во Македонија".

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со член 12 од Деловникот на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет порталот Алмакос со барање уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите од жалбата. Уредникот Семи Мехмети од Алмакос до определениот рок достави одговор на наводите на жалителот. Во одговорот тој наведува дека споменатиот текст не е новинарски текст, туку негова колумна и дека за колумна не се земаат изјави од луѓе и институции за кои се пишува во неа. Мехмети во одговорот објаснува дека во колумната напишал оти „не е добра практика колегите од Метаморфозис во нивниот проект "Проверка на факти" да ангажираат млади новинари кои се без никакво искуство, а треба да прават рецензии на текстови од Алмакос, да цензурираат во нивните рецензии и да навредуваат". Во колумната пишувал и за тоа дека до неодамна главен и одговорен уредник на албанската редакција на "Проверка на факти" била уредничката на Порталб, медиум на Метаморфозис и дека станува збор закласичен конфликт на интерес бидејќи тие прават рецензија на нивните конкуренти.

Сепак, при процесот на медијација од страна на Извршна канцеларија на СЕММ Мехмети понуди Метаморфозис да испрати демант или друг напис, велејќи дека би бил објавен на истото место или на насловната страница на порталот Алмакос.

За ова Извршната канцеларија на СЕММ го извести и жалителот Филип Стојановски, со барање негов одговор дали би го искористиле тоа право. Според одговорот од Стојановски, „поради очигледноста на неточноста на изнесените клевети и навреди, смета дека медиумот треба да објави извинување на исто место и во исто времетраење".

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mkinfo@semm.mk 0038923222595

По ваквиот одговор, Мехмети остана на ставот дека прифаќа само демант или колумна кои би биле објавени на насловната страница на порталот Алмакос.

Со оглед на тоа што обидот за медијација не доведе до помирување на засегнатите страни, во согласност со чл. 13 од Деловникот, случајот се предаде на разгледување од страна на Комисијата за жалби при СЕММ.

Според тоа, Комисијата за жалби најде дека жалбата во однос на текстот е ОСНОВАНА.

***

При своето одлучување Комисјата за жалби ги зеде предвид и :

Член 10 од ЕКЧП каде што се вели дека секој човек има право на слобода на изразување. Ова право ги опфаќа слободата на мислење и слободата на примање и пренесување информации или идеи, без мешање на јавната власт и без оглед на границите.

Остварувањето на овие слободи, коешто вклучува обврски и одговорности, може да биде под одредени формалности, услови, ограничувања и санкции предвидено со закон, кои во едно демократско општество претставуваат мерки неопходни за државната безбедност, територијалниот интегритет и јавната безбедност, заштитата на редот и спречувањето на нереди и злосторства, заштитата на здравјето или моралот, угледот или правата на другите, за спречување на ширењето на доверливи информации или за зачувување на авторитетот и непристрасноста на судството.

Член 16 од уставот на РМ каде што се вели дека се гарантира слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата. Се гарантира слободата на говорот, јавниот настап, јавното информирање и слободното основање на институции за јавно

информирање. Се гарантира слободниот пристап кон информациите, слободата на примање и пренесување на информации. Се гарантира правото на одговор во средствата за јавно информирање. Се гарантира правото на исправка во средствата за јавно информирање. Се гарантира правото на заштита на изворот на информацијата во средствата за јавно информирање. Цензурата е забранета.

Член 3 ст. 1 и чл. 11 ст. 1 од Законот за здруженија и фондации, каде што се вели дека „Организација" е секое здружение, фондација, сојуз, како и секој организационен облик на странска организација, како и друга форма на здружување, регистрирани согласно со одредбите на овој закон; и дека работата на организацијата е јавна.

***

На седницата на 25.08.2015 година Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот Филип Стојановски, направи увид во наведениот текст, а ги разгледа и одговорите од редакцијата на Алмакос.

Од увидот на самиот текст **"ЕДИТОРИЈАЛ/ Парадокс: Само во Македонија со меѓународни финансии, го бранат режимот без пари"**, Комисијата утврди дека станува збор за авторско дело коментар на уредникот на порталот Алмакос, каде што се изнесуваат индивидуални видувања на авторот за работата и проектите на Фондацијата "Метаморфозис", чија работа е јавна согласно чл. 3 ст. 1 и чл. 11 ст. 1 од Законот за здруженија и фондации, а врз основа на јавниот интерес се темели и презентирањето на ставовите на авторот. Понатаму, Комисијата утврди дека текстот е објавен на позицијата на интренет порталот наменента за коментари, со што е запазено начелото за жанровско класифцирање, за да нема забуна кај читателот за мешање на фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот.

Комисијата, исто така, констатираше и дека жалителот не доставил докази дека започнал постапка за демант или извинување на медиумот пред да ја започне постапката пред СЕММ.

Меѓутоа, авторот во текстот ја додава и спорната теза: **Дали сте слушнале за Бардил Јашари? Сигурно не! Но, тој е човекот кој што бил член на бордот на Агенцијата за електронски комуникации (АЕК), токму во времето кога на слободното новинарство во Македонија му се зададе најтешкиот удар, со затворањето на ТВ А1, на новините Коха е Ре, Време и Шпиц. Што мислите, колку едно лице треба да биде верен на една партија на власт, за да се именува во бордот на една државна институција, каде што се збори дека хонорарите се движат и до 2.000 евра?**

Видно од Службените весници на РМ бр. 27/2005 и 133/2010, кои жалитетлот ги достави до СЕММ, **авторот изнел невистинита информација дека лицето Бардил Јашари во споменатиот период кога се затворале ТВ А1, на новините Коха е Ре, Време и Шпиц не бил на функцијата во Агенцијата за електронски комуникации.**

Притоа, бидејќи станува збор за јавен функционер, Комисијата внимаваше да не биде повредено и правото на авторот согласно Декларацијата за политичка дебата во медиумите на Комитетот на министри на СЕ од 12.12.2004 год. , каде во точката 4 се вели и дека јавните функционери мораат да го прифатат фактот дека ќе бидат предмет на јавен надзор и критики, **посебно по пат на медиумите во поглед на начинот на кој ги извршувале или ги извршуваат своите функции** во онаа мера во која тоа е неопходно заради обезбедување на транспарентност и одговорно извршување на функцијата.

**Во овој случај споменатото лице во конкретниот период не било функционер, со што тврдењето на авторот не може да биде опфатено со одредбата од точката 4 на Декларацијата за политичка дебата во медиумите.**

Понатаму, при своето одлучување Комисијата строго внимаваше на правото на авторот за слободата на мислата и изразувањето гарантирано со чл. 10 од ЕКЧП и чл. 16 од Уставот на РМ и не најде други прекршувања на Кодексот на новинарите на РМ.

***

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mkinfo@semm.mk 0038923222595

Поради горенаведеното, предлогот од страна на редакцијата на Алмакос за разрешување на случајот преку објавување демант од Метаморфозис кој би бил објавен на истото место или на насловната страница на медиумот Комисјата го поздравува, но во исто време се заклучува дека е направено и прекршување на член 1 од Кодексот на новинарите на Македонија.

Комисијата за жалби најде дека во текстот "ЕДИТОРИЈАЛ/ Парадокс: Само во Македонија со меѓународни финансии, го бранат режимот без пари", објавен на 12.07.2015 година на интернет порталот almakos.com, прекршен е член 1 од Кодексот на новинари, според кој проверката на податоците и точноста се морални императиви на новинарството, затоа новинарот е должен да ја провери информацијата од што е можно повеќе извори, а најмалку два меѓусебно неповрзани извора.

Во согласност со наведеното Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата за жалби учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Филип Ѓурчиновски, Гоце Герасимовски, Теофил Блажевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска и Беким Ајдини.

**Се обврзува интернет порталот almakos.com, во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави одлуката на Комисијата за жалби.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија ЕТИКА ПРЕС Скопје *

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Ул. Метрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mkinfo@semm.mk 0038923222595